Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-475/7
25. 12. 2025 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ.”бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/2024) и член 27 став 4 и став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.61/2004, 96/2004, 22/2007, 67/2007, 156/09, 47/11, 192/15, 209/2018 и “Службен весник на РСМ” бр.244/2019, 53/2021, 77/2021, 150/2021, 173/2022 и 170/2024 и 37/2025), Советот на Општина Градско на 6 (шестата) седница одржана на ден 25.12.2025 година, донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**за 2026 година**

**Член 1**

Буџетскиот календар за 2026 година гласи:

| Можен датум/месец | Активност | Одговорност |
|---|---|---|
| септември | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година | Министер за финансии |
| октомври | Градоначалникот до сите буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови | Градоначалник |
| октомври | Општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот | Општински буџетски корисници |
| најдоцна до 15 ноември | Разгледување и усвојување на Планот на програмите за развој и Годишните програми | Совет на Општина |
| ноември | Одделението за финансиски прашања го изготвува предлог буџетот и го доставува до градоначалникот на разгледување и одобрување | Одделение за финансиски прашања |
| ноември | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот подготвен од страна на Одделението за финансиски прашања | Градоначалник |
| прва половина на ноември | Јавна расправа по предлог буџетот од страна на советот на општината, НВО, Месни заедници и заинтересирани граѓани | Градоначалник |
| најдоцна до 10 декември | Градоначалникот доставува конечен предлог буџет до Советот на општина Градско | Градоначалник |
| декември | Јавна расправа во телата на Советот на Општината | Совет на Општина |
| најдоцна до 31 декември | – Советот на општина Градско го усвојува предлог буџетот за наредната година;<br>– Донесување на одлука за извршување на буџетот на Општината;<br>– Донесување на одлука за вредноста на бодот за пресметување на плата на административните службеници | Совет на Општина |

**Член 2**

Буџетскиот календар за 2026 година влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Градско”.

**Совет на Општина Градско**
**Претседател**
____________________
**Драгана Данева**